Друштво за производство и трговија
МЕТРУДХЕМ ДООЕЛ
Бр. 02-295
25.06.2012 год.
СКОПЈЕ


# МЕТРУДХЕМ

**БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 62/2-19,**
**1000 СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Тел: +389 (0)2 3090 540 Факс: +389 (0)2 3090 541


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 25.06.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11-6413/1 | | | |

25 јуни 2012

До: Министерство за животна средина и просторно планирање
Управа за животна средина
Ул. Гоце Делчев бб.
1000 Скопје

**Предмет:** Доставување Барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина

Почитувани,

Врз основа на член 81, став 4 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/2008, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и во согласност со точка 2 од Решението за утврдување на потреба од оцена на влијанијата врз животната средина, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање под број 11-1596/16 од 30.05.2012 година, Инвеститорот МЕТРУДХЕМ од Скопје поднесува барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина за реализација на Проект-Воспоставување на производство на олово и цинк, користејќи ја локацијата, дел од опремата и инфраструктурата на Топилницата за олово и цинк Велес.

За таа цел, во прилог на ова барање Ви доставуваме пополнета Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.

Со почит,

Друштво за производство и трговија МЕТРУДХЕМ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Тони Димитриоски

Директор

Прилог: Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.

**ЛИСТА НА ПРОВЕРКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА ОВЖС: ПРАШАЊА ЗА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ТОПИЛНИЦА ЗА ОЛОВО И ЦИНК ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Јуни, 2012

**ЛИСТА НА ПРОВЕРКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА ОВЖС:
ПРАШАЊА ЗА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ПРОЕКТОТ
ТОПИЛНИЦА ЗА ОЛОВО И ЦИНК ВЕЛЕС**

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| **1. Дали изградбата, работењето или затворањето на проектот ќе содржи активности кои ќе предизвикаат физички промени на локалитетот (топографија, користење на земјиштето, промени во водните тела итн.)?** | | | | |
| 1.1 | Трајна или привремена промена на употребата на земјиштето, на земјишната покривка или на топографијата, вклучително и зголемувања во интензитетот на употреба на земјиштето? | Да | Не е определена локацијата на новата депонија, но ќе претставува проемна на земјиштето | Не<br>Пред одлагање троската мора да го помине тестот на лужење па и ако дојде до појава на лужина концентрација на загадувачки материи ќе биде минимална |
| 1.2 | Расчистување на постоечко земјиште, вегетација и градби? | Не | Ако треба нова депонија | / |
| 1.3 | Создавање на нови употреби на земјиштето? | Не | / | / |
| 1.4 | Предградежни испитувања, на пример ископ на дупки, тестирање на земјиштето? | Да | Изградбата на депонија ќе бара хидрогеолошки истражувања и потерби се да се направат хидрогеолошки испитувања во вид на Студија на местото каде е лоцирана инсталацијата | Не |
| 1.5 | Градежни работи? | Да | За време на обновување на работата ќе се врши и реконструкција, доградба или надградба на одредени делови од објектите и ќе се вршат градежни активности (градежен шут и транспорт на градежни материјали) или пак ќе се градат нови објекти | Да.<br>Згоелмена бучава, прашина и сл. |
| 1.6 | Работи на рушење? | Да | За време на обновување на работата ќе се врши и реконструкција, доградба или надградба на одредени делови од објектите и ќе се вршат градежни активности (градежен шут и транспорт на градежни материјали) или пак ќе се градат нови објекти | Да.<br>Згоелмена бучава, прашина и сл. |
| 1.7 | Привремени локации што се користат за градежни работи или за сместување на градежни работници? | Не | / | /. |
| 1.8 | Надземни градби, објекти или земјени насипи кои вклучуваат линеарни, т.е должински конструкции (далноводи, телефонски водови, железничка инфраструктура, автопати), ископ на земја и пополнување со земја или ископи за објекти? | Не | Ќе се користи постоечката инфраструктура | Не |
| 1.9 | Подземни работи кои вклучуваат рударски активности или изградба на тунел? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 1.10 | Работи на ревитализација? | Да | Почва во кругот на инсталацијата загадена од масла и други штетни материи | Да. Мали емисии на прашина |
| 1.11 | Копање со багер? | Да | Проектот предвидува земјени ископи во текот на градежните работи. | Да. Ископот ќе биде интензивен на одредени локалитети во рамките на градежниот опфат, расчистување на теренот за новата депонија |
| 1.12 | Крајбрежни градби, на пр. ѕидови крај море, пристаништа? | Не | / | / |
| 1.13 | Крајбрежни објекти? | Да | Реконструкција на зафатот на вода од река Вардар | Да. Времено заматување на реката |
| 1.14 | Процеси на производство? | Да | Олово и цинк | Да. Емисии на олово, цинк, кадмиум, јаглендиооксид, сулфур диоксид |
| 1.15 | Објекти за складирање на стоки или материјали? | Да | Проектот ќе предвидени објекти за складирање на материјали во текот на фазата на изградба. | Не. Предвидените објекти се од времен карактер и нема да предизвикаат трајни физички промени во подрачјето. |
| 1.16 | Постројки за третман или отстранување на цврст отпад или течни ефлуенти? | Да | Отстранување на троска и пречистување на отпадни води | Да Можни оштетувања на депонијата, природни несреќи или дефекти во постројката за третман на отпадни води |
| 1.17 | Објекти за долгорочно сместување на работници? | Не | / | / |
| 1.18 | Нов копнен, железнички или поморски сообраќај за време на изградбата или работењето? | Не | / | / |
| 1.19 | Нова копнена, железничка, воздухопловна, водна или друга транспортна инфраструктура вклучувајќи и нови или изменети патишта и станици, пристаништа, аеродроми итн.? | Не | / | / |
| 1.20 | Затворање или пренасочување на постоечки транспортни патишта или инфраструктура, што доведува до промени на движењата во сообраќајот? | Не | / | / |
| 1.21 | Нови или пренасочени далноводи или цевководи? | Не | / | / |
| 1.22 | Зафаќање на водите, изградба на брана, подводен канал, прегрупирање или други промени на хидрологијата на водотеците или аквиферите? | Да | Ќе се користи постоечката пумпна станица | Не На околу 500м низводно водата ќе се испушта |
| 1.23 | Премини преку водотеци? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 1.24 | Црпење или трансфери на вода од подземни или површински води? | Да | Од површински води ќе се користи постоечката пумпна станица | Не<br>На околу 500м низводно водата ќе се испушта |
| 1.25 | Промени во водните тела или на површината на земјата кои влијаат врз одводот или истечните води? | Не | / | / |
| 1.26 | Транспорт на персонал или материјали за градба, работење или затворање на објект? | Не | / | / |
| 1.27 | Долгорочна демонтажа или затворање на инсталација или работи на враќање во задоволителна состојба? | Да | При реконструкција на постоечките објекти | Не. Минимлани при времето на демонтажа |
| 1.28 | Тековна активност за време на затворањето којашто би можела да има влијание врз животната средина? | Не | | |
| 1.29 | Прилив на луѓе во одредена област било привремено било трајно? | Не | | |
| 1.30 | Внесување на туѓи (надворешни) видови? | Не | | |
| 1.31 | Губење на автохтони видови или генетска разновидност? | Не | | |
| 1.32 | Некои други активности? | Не | | |
| **2. Дали при изградбата или работењето на проектот ќе се користат природни ресурси како што се земјиште, вода, материјали или енергија, а особено ресурси што не се обновливи или се оскудни?** | | | | |
| 2.1 | Земјиште, особено неуредено или земјоделско земјиште? | Да | Конструкција на нова депонија | Да.<br>Се очекува ограничена загуба на земјиште, но во поголем обем се работи за неуредено земјиште. |
| 2.2 | Вода? | Да | Оперативноста на проектот ќе користи водни ресурси во сливот на река Вардар | Да.<br>Планираните зафати нема да предизвикаат трајно задржување на водата. |
| 2.3 | Минерали? | Да | Олово – цинкови сулфидни концентрати | Не.<br>На овој локалитет |
| 2.4 | Агрегати (песок, чакал, дробен камен)? | Не | / | / |
| 2.5 | Шуми и дрвја? | Не | / | / |
| 2.6 | Енергенси, вклучително електрична енергија и горива? | Да | Кореистење на кокс, ТНГ, мазут, дизел гориво. | Да.<br>Ризик од истекувања и ризик од емисии при согорување |
| 2.7 | Други ресурси? | Не | / | / |
| **3. Дали проектот ќе опфати употреба, чување, транспорт, постапување со или производство на супстанции или материјали што би можеле да бидат штетни по здравјето на луѓето или по животната средина, или што би предизвикале загриженост во врска со реални или перцепирани ризици по здравјето на луѓето?** | | | | |
| 3.1 | Дали проектот ќе опфати употреба на супстанции или материјали што се опасни или токсични по човековото здравје или животната средина (флора, фауна, водоснабдување)? | Да | Транспорт на концентрати, нафтени деривати, ТНГ и сулфурна киселина | Да.<br>Во случај на несреќи и хаварии |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 3.2 | Дали проектот ќе резултира со промени во појавата на болести или ќе ги засегне векторите на болеста (на пр. болести што се пренесуваат преку инсекти или вода)? | Не | / | / |
| 3.3 | Дали проектот ќе има влијание врз добросостојбата на луѓето, на пример преку промена на животните услови? | Да | Вработувања и поттикнување на секундарни активности | Да<br>Нови економски и социјални бенефити |
| 3.4 | Дали постојат некои особено вулнерабилни групи на луѓе кои би можеле да бидат засегнати од проектот, на пр. болнички пациенти, стари лица? | Да | Жителите на општина Велес (вклучени се сите возрасни групи) од евентуални инцидентни случувања | Да<br>При инциденти |
| 3.5 | Некои други причини? | Не | / | / |
| **4. Дали проектот ќе произведува цврст отпад за време на изградбата, работењето или затворањето на инсталацијата?** | | | | |
| 4.1 | Јаловина или рударски отпад? | Да | Троска | Да<br>Нарушување на предел |
| 4.2 | Комунален отпад (отпад од домаќинства или комерцијален отпад)? | Да | Во оперативната фаза ќе се создаваат незначителни количества комунален отпад. | Не.<br>Ќе биде воспоставен систем за управување / постапување со овој вид на отпад, согласно тековните одредби во законската регулатива за отпад. |
| 4.3 | Опасен или токсичен отпад (вклучувајќи и радиоактивен отпад)? | Да | Во оперативната фаза ќе се создаваат мали количества на одредени фракции на опасен отпад.<br>Проектот нема да создава радиоактивен отпад. | Не.<br>Опасниот отпад ќе биде сепариран и соодветно складиран.<br>За негово отстранување ќе биде ангажирана лиценцирана компанија. |
| 4.4 | Друг отпад од индустриски процеси? | Не | / | / |
| 4.5 | Вишок на производи? | Не | / | / |
| 4.6 | Мил од отпадни води или други видови мил од третман на ефлуент? | Не | Се враќа во процес | |
| 4.7 | Градежен шут или отпад од активности на рушење објекти? | Да | Во фазата на изградба / инсталирање на опрема ќе се создаваат одредени количества на градежен отпад / шут.<br>Во оперативна фаза, минимални количества при одржување на огноотпорните инсталации | Не.<br>Овој вид на отпад ќе биде реупотребен, колку што е можно. Резидуалниот отпад ќе биде отстранет на депонија за инертен отпад. |
| 4.8 | Вишок (излишни) машини или опрема? | Да | Во фазата на реконструкција може да се појават машини кои треба да се заменат | Не. Се препродаваат како секундарна суровина |
| 4.9 | Контаминирано земјиште или друг материјал? | Не | Земјиштето на локацијата е веќе загадено над нивото на идните емисии, се очекува подобрување на состојбата на земјиштето | Да<br>Значително подобрување на земјиштето од локален карактер |
| 4.10 | Отпад од земјоделски активности? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 4.11 | Некој друг цврст отпад? | Да | Во фазата на изградба и оперативност се очекува создавање на специфични фракции на отпад: отпадна пластика, отпад од кабли, отпад од пакување, итн. | Не. Сите потенцијални рециклабилни материјали ќе бидат сепарирани и понудени на рециклаторски компании. |
| **5. Дали проектот ќе испушта загадувачки материи или некои опасни, токсични или штетни супстанции во воздухот?** | | | | |
| 5.1 | Емисии од согорување на фосилни горива од стационарни или мобилни извори? | Да | Котларката постројка за пареа, периодите на предгревање во постројката за сулфурна киселина, загревање на колоните за рафинација за цинк, загревање на казаните за рафенација на олово | Да Емисии од согорување на горива |
| 5.2 | Емисии од производни процеси? | Да | Постројките за синтерување, дробење, топење, рафинација на цинк, олово, производство на сулфурна киселина | Да Емисии на опасни супстанции како олово, цинк, кадмиум, и $SO_2$ |
| 5.3 | Емисии од постапки со материјали што вклучуваат чување или транспорт? | Да | Складиштата за концентрати, внатрешен транспорт на концентрати и кокс | Да Емисиина прашина која содржи честички со олово и цинк |
| 5.4 | Емисии од градежни активности вклучувајќи ги погонот и опремата? | Да | За време на обновување на работата ќе се врши и реконструкција, доградба или надградба на одредени делови од објектите и ќе се вршат градежни активности (градежен шут и транспорт на градежни материјали) или пак ќе се градат нови објекти | Да. Натоложената прашина на објектите кои евентуално ќе се срушат за замена, содржи олово, и цинк |
| 5.5 | Прашина или миризби од постапувањето со материјали вклучувајќи градежни материјали, отпадни води и отпад? | Да | За време на обновување на работата ќе се врши и реконструкција, доградба или надградба на одредени делови од објектите и ќе се вршат градежни активности (градежен шут и транспорт на градежни материјали) или пак ќе се градат нови објекти | Да. Натоложената прашина на објектите кои евентуално ќе се срушат за замена, содржи олово и цинк |
| 5.6 | Емисии од инцинерација на отпад? | Не | / | / |
| 5.7 | Емисии од горење на отпад на отворен простор (*на пр.* искинати материјали, градежен шут)? | Не | / | / |
| 5.8 | Емисии од некои други извори? | Да | Фјуминговање – третман на троска | Не. Контролирани емисии |
| **6. Дали проектот ќе предизвика бучава и вибрации или ослободување на светлина, топлинска енергија или електромагнетни зрачења?** | | | | |
| 6.1 | Од работењето на опремата, на пример мотори, вентилациска постројка, дробилки? | Да | Во текот на изградбата на проектот планирано е да се воспостави постројка за производство на бетон, со дробилка. | Не. Поради краткотрајниот карактер и оддалеченоста од рецептори / населени места, не се очекува значителен ефект. |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 6.2 | Од индустриски или слични процеси? | Да | Во оперативната фаза на проектот, се очекува емисија на бучава од опремата како вентилстори, компресори, други покретни делови на опремата и транспортни средства. | Не.<br>Единствено за време на годишни ремонти може да се предизвика зголемено ниво на бучава поради вакуумско отстранување на катализатор.<br>Вибрациите се од локален карактер и не се чувствуваат од границите на исталацијата.<br>Емисиите на топлина се минимални. |
| 6.3 | Од градежни работи или работи на рушење? | Да | Во фазата на изградба, градежната механизација и опрема ќе создаваат бучава. | Не.<br>Поради краткотрајниот карактер и малиот обем на работи |
| 6.4 | Од експлозии или натрупување? | Да | Повремено, при гранулација на шљака | |
| 6.5 | Од градежни активности или сообраќај во функција на работата? | Да | Види 6.3 | Види 6.3 |
| 6.6 | Од системи за осветлување или разладување? | Да | Од ладилни кули и базени за ладење | Да<br>Минимално и локално |
| 6.7 | Од извори на електромагнетно зрачење (да се земат предвид влијанијата врз блиската чувствителна опрема и врз луѓето)? | Не | / | / |
| 6.8 | Од некои други извори? | Не | / | / |

**7. Дали проектот ќе доведе до ризици од контаминација на земјиштето или водата од испуштања на загадувачки материи врз земјиштето или во површинските води, крајбрежните води или морето?**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.1 | Од постапување со, чување, употреба или прелевање на опасни или токсични материјали? | Да | Истурање на концентрат на места кои не се предвидени за чување, оштетување на резервоари за чување на киселина или нафтени деривати | Да<br>Поради степенот на опасност на супстанциите кои се чуваат |
| 7.2 | Од испуштање на отпадни води или други ефлуенти (третирани или нетретирани) во вода или во земја? | Да | Постројка за третман на отпади води | Да<br>Дефект на постројката и некотролирано испуштање |
| 7.3 | Преку таложење на загадувачки материи емитирани во воздухот на земја или во вода? | Да | Минимална депозиција на цврсти честички и евентуално мокра депозиција на $SO_2$ | Да<br>Цврстите честички содржат опасни супстанции како олово и кадмиум |
| 7.4 | Од некои други извори? | Не | / | / |
| 7.5 | Дали постои ризик од долготрајна акумулација на загадувачки материи во животната средина од овие извори? | Да | Таложење на честици, хаварија на садови и сл. | Да, загадување на медиуми |

**8. Дали постои ризик од несреќи за време на изградбата или работењето на проектот кои би можеле да влијаат врз човековото здравје или животната средина?**

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 8.1 | Од експлозии, прелевања, пожари итн; од чување, постапување со, употреба или производство на опасни или токсични супстанции? | Да | Можни се акциденти во текот на реконструкција, демонтирање на опрема, и во оперативната фаза при одредени работи за одржување може да дојде до експлозии на гасови, испарување на течности со штетни супстанции | Не.<br>Локален и загрозени се само оние кои се во непосреден контакт |
| 8.2 | Од настани надвор од границите на вообичаената заштита на животната средина, на пр. откажување на системите за контрола на загадувањето? | Да | Секој од процесите каде има систем за контрола за загадување | Да<br>Главно со локално дејство, а оштетувањето на резервоарите за сулфурна киселина може да направи штети во пошироката околина |
| 8.3 | Од некои други причини? | Не | / | / |
| 8.4 | Дали проектот би можел да биде засегнат од природни катастрофи кои предизвикуваат штети врз животната средина (*на пр.* поплави, земјотреси, лизгање на земјиштето *итн.*)? | Да | Земјотрес | Да<br>Главно со локално дејство, а оштетувањето на резервоарите за сулфурна киселина може да направи штети во пошироката околина |
| **9. Дали проектот ќе доведе до социјални промени, како на пример во однос на демографијата, традиционалниот начин на живот, вработеноста?** | | | | |
| 9.1 | Промени во големината, возраста, структурата на населението, социјалните групи *итн*? | Не | / | / |
| 9.2 | Преку преселба на луѓе или рушење на домови или населби или на објекти во населбите, на пример училишта, болници, социјални установи? | Не | / | |
| 9.3 | Преку населување на нови жители или создавање на нови населби? | Да | Нови вработувања, нови лица | Да, нови вработувања |
| 9.4 | Преку упатување на поголеми барања до локалните установи или служби, на пример во врска со домувањето, образованието, здравството? | Да | Имликација врз системи | Да, но не во голема мера |
| 9.5 | Преку создавање нови работни места за време на изградбата или работењето или предизвикување појава на губење на работни места со последици по невработеноста и економијата? | Да | Економски и социјален прираст и промена на квалитетот на живеење | Да<br>Се очекува, проектот да има позитивни ефекти на вработувањето и создавање на приход. |
| 9.6 | Некои други причини? | Не | / | / |
| **10. Дали постојат и други фактори што треба да се земат предвид како на пример последователниот развој којшто би можел да доведе до влијанија врз животната средина или до можност за кумулативни влијанија со други постоечки или планирани активности на локалитетот?** | | | | |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 10.1 | Дали проектот ќе доведе до притисок за последователен развој кој би можел да има значително влијание врз животната средина, како на пример поголем број живеалишта, нови патишта, нови помошни индустрии или установи итн.? | Да | Услужни дејности, сродни индустрии | Да<br>Зголемување на оптеретување врз животната средина поради зголемување на активностите на други инсталации и појава на нови |
| 10.2 | Дали проектот ќе доведе до создавање на помошни установи или до развој поттикнат од проектот кои би можеле да имаат влијание врз животната средина, како на пример:<br>• помошна инфраструктура (патишта, снабдување со електрична енергија, третман на отпад или отпадни води итн.)<br>• изградба на живеалишта<br>• екстрактивни индустриски дејности<br>• дејности на снабдување<br>• други? | Не | / | / |
| 10.3 | Дали проектот ќе доведе до грижа за локацијата по престанокот на работата на инсталацијата којашто би можела да има влијание врз животната средина? | Да | Почвата поради содржините на материјалите кои би останале таму, како и ризикот од хаварии резервоарите и складиштата | Да<br>Ќе се направи проценка на ризикот за еколошка одговорност и план за престанок со работа |
| 10.4 | Дали проектот ќе овозможи идни проекти? | Да | Услужни дејности, сродни индустрии, но и активности во самата инсталација | Да<br>Зголемување на оптеретување врз животната средина поради зголемување на активностите на други инсталации и појава на нови |
| 10.5 | Дали проектот ќе има кумулативни ефекти поради близината до други постоечки или планирани проекти со слични влијанија? | Да | Во непосредна близина се инсталациите Фабриката за масло, за конец, железничката станица и млинско-пекарската индустрија. Дополнително постои историско загадување и остатоци како што е депониајта за троска | Да<br>Доколку оваа и сите други инсталации не се придржуваат кон задолженијата дадени во еколошките дозволи или соодветни решенија издадени од МЖСПП |